ООУ„ГригорПрличев“-Охрид
Ул.Димитар Влахов бр.65
6000, Охрид
Тел. (046) 265 – 062
e-mail:ou-grigorprlichev-ohrid@schools.mk

Дел.бр. 03 - 60/1
од 19. 2. 2025

Врз основа на член 45, став 1,2 и 3 од Законот за административни службеници (Службен весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 ,275/19 , 14/2020 , 215/2021 и 99/22 ) и Правилник за систематизација на работните места во Општинско Основно Училиште „Григор Прличев“ од Охрид , Директорот на ООУ „ Григор Прличев“ од Охрид на ден 19.2.2025 год. во Охрид , ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

За вршење на избор на 1 (еден ) извршител-кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас 397/2024 за работно место секретар ,советник за општи и нормативно правни работи.

Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник, шифра ОБН102В01001 советник за општи и нормативно-правни работи-секретар, одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба за ООУ„Григор Прличев“ Охрид објавен на ден 25.12.2024 година во дневните весници Вечер, Слободен Печат и Лајм како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за вработување се избра кандидатот **Ангела Алексовска** со идентификационен код **433ВЕ06**.

По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Оваа одлука се објавува на интернет страница и огласна табла на Агенцијата за администрација.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на чл.45, став 1,2 и 3 од Законот за админстративни службеници (Службен весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 ,275/19 , 14/2020 , 215/2021 и 99/22 ) е утврдена постапката за донесување Одлука за избор на вработување на админстративни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот оглас бр.397/2024 за потреба на вработување на административен службеник во ООУ ‘‘Григор Прличев“ Охрид , објавен на ден 24.12.2024 година, во дневните весници Вечер, Слободен Печат и Лајм , како и на веб страната на Агенцијата за административни службеници за работно место секретар, советник за општи и нормативно правни работи-секретар, одделение за нормативно-правни работи , човечки ресурси и општи работи, Административна служба, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр. 10-93/1 од 8.1.2025 година, Записник од извршена административна селекција за вработување по јавен оглас, бр.10-93/2 од 13.1.2025 година, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-93/3 од 29.1.2025 година, Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, бр.10-93/4 од 6.2.2025 година изготви конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и до Директорот на ООУ ‘‘Григор Прличев’’ достави Предлог за вработување на кандидати заверен под број 10-93/5 од 6.2.2025година.

Врз основа на чл.45, став 1 ,2 и 3 од Законот за админстративни службеници (Службен весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 ,275/19 , 14/2020 , 215/2021 и 99/22 ), Директорот на ООУ ‘‘Григор Прличев’’ Охрид , по разгледување на приложената ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Упатство за правно средство: Против Одлуката за избор , незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Охрид
19.2.2025 година

Директор на
ООУ„Григор Прличев“-
Лилјана Ефтимовска